ЗАПИСНИК

Од одржаната 32-ра седница на Советот на Општина Новаци одржана на ден 31.07.2023 г. со почеток во 12:00 часот во просториите на општинската зграда во с. Новаци.

На седницата од вкупно 9 советници, присутни беа 6 членови на Советот на Општина Новаци: Славица Најдовска Стојковска - претседател, Николче Димовски, Пецо Дојчиновски, Сузана Јовановска, Горан Велјановски, Иванчо Котевски.

На 32-та седница на Советот на Општина Новаци беа отсутни 3 советници: Александар Канзуровски, Љупчо Петровски и Наумче Смилевски.

На седницата беа присутни Градоначалникот Стевче Стевановски и вработени во Општина Новаци: Анета Киселоска – раководител, Оливера Димитровска - раководител, Николина Лозановска – советник.

Д Н Е В Е Н Р Е Д

1. Разгледување и усвојување на Записникот од 31-та седница на Совет на Општина Новаци;
2. Разгледување и донесување на Одлука за усвојување на тромесечен извештај за извршување на Буџетот на Општина Новаци за период од 01.01.2023г. до 30.06.2023г. (втор квартал);
3. Разгледување и донесување на Одлука за пренамена на средствата во Буџетот на Општина Новаци за 2023 година;
4. Разгледување и усвојување на Извештај за потрошени финансиски средства од ЗФК „Новаци 2005“ – Новаци во вкупен износ од 1.874.500,00 ден., заклучно до 06.07.2023г.;
5. Разгледување и донесување на Одлука за одобрување на финансиски средства за престојување на преставници од Општина Новаци во Општина Дуги Рат, Република Хрватска;
6. Разгледување на Барање од Општинска организација на Црвен Крст - Битола за финансиски средства за медицинско обезбедување на Меморијалниот турнир во мал фудбал „Пеце Матичевски“-Новаци;
7. Разгледување на Барање од Месна заедница на село Добромири за матерјална помош на семејството на Теодора Јолевска, дете со посебни потреби;
8. Разгледување на Барање од ФК „ Далбеговци“ за финансиски средства за учество во есенскиот дел од натпреарувачката сезона 2023/2024;
9. Советнички прашања.

Дополнување: Барања за финансиска помош од физички лица по предлог на Комисијата за доделување на еднократна парична помош.

Претседателката Најдовска - Стојковска предложи дополнување на Дневниот ред со 3 точки т.е. Барања за финансиска помош од физички лица по предлог на Комисијата за доделување на еднократна парична помош.

1. Разгледување на Барање за финансиска помош од Пецо Гроздановски од с. Далбеговци;
2. Разгледување на Барање за финансиска помош од Спасе Талевски од с. Брод;
3. Разгледување на Барање за финансиска помош од Пранвера Ѓони од с. Добромири.

Пред гласање на Дневниот ред на 32-та седница на Советот на Општина Новаци, Градоначалникот Стефановски му предложи на Советот, Дневниот ред да се надополни со 3 (три) точки кои поради кои поради својата итност, неодложно треба да се разгледуваат на оваа седница:

1. Разгледување и давање на согласност на Одлуката за утврдување на вредноста на бодот за пресметрување на платите на вработените во МЈП „Пелалинк“ - Битола;

2. Разгледување и усвојување на Годишен план за вработување на ЈКПД „Комунална хигиена“ - Новаци за 2024 год.;

3. Разгледување и донесување на Одлука за набавка на ротациона тракторска тањираста косачка и телескопски тракторски мулчер за потребите на ЈКПД „Комунална Хигиена“ Новаци.

Претседателката на Советот Славица Најдовска - Стојковска предложи прифаќање на измената и дополнувањето на Дневниот ред, така што првичниот Дневниот ред кој беше составен од 9 (девет) точки се дополнува со нови 6 (шест) точки.

На тој начин Дневниот ред на 32-та седница на Советот на Општина Новаци по претрпените измени и дополнувања е составен од 15 точки, со тоа што точката бр. 9 - Советнички прашања, преминува во точка бр. 15.

Предлогот за изменетиот и дополнет Дневен ред на 32-та Седница на Советот на Општина Новаци беше ставен на гласање и истиот беше усвоен со **5 гласа за**.

*(Советничката Јовановска задоцни на почетокот на седницата)

1 точка: Разгледување и усвојување на Записникот од 31-та седница на Совет на Општина Новаци;

По разгледувањето, Записникот од 31-та Седница беше ставен на гласање и усвоен со **6 гласа за.**

2 точка: Разгледување и донесување на Одлука за усвојување на тромесечен извештај за извршување на Буџетот на Општина Новаци за период од 01.01.2023г. до 30.06.2023г. (втор квартал);

Оливера Димитровска-раководител на финасии, пред советниците го презентираше реализирањето на Буџетот во првата половина од годината со посебен осврт за периодот од 01.04 до 30.06.2023г., при што потенцира дека планираните приходи се совпаѓаат со планираните расходи, што значи дека реализирањето на Буџетот за 2023г. се одвива според планираното и очекуваното.

По разгледувањето на Извештајот, Советот на Општина Новаци со **5 гласа за** донесе Одлука за усвојување на тромесечен извештај за извршување на Буџетот на Општина Новаци за период од 01.01.2023г. до 30.06.2023г. (втор квартал).

* (советникот Котевски во моментот на гласањето беше отсутен)

3 точка: Разгледување и донесување на Одлука за пренамена на средствата во Буџетот на Општина Новаци за 2023 година;

Оливера Димитровска – раководител на финансии, пред советниците ја образложи потребата од пренамена на средствата од Буџетот, во висина од 4.000.000,00 ден. од ставката Капитални трошоци на Општината во ставката Општинска администрација и Совет на Општината.

Советот на Општина Новаци гласаше со **5 гласа за и 1 глас воздржан** донесе Одлука за пренамена на средствата во Буџетот на Општина Новаци за 2023г.

4 точка: Разгледување и усвојување на Извештај за потрошени финансиски средства од ЗФК „Новаци 2005“ – Новаци во вкупен износ од 1.874.500,00 ден., заклучно до 06.07.2023г.;

По разгледувањето на Извештајот, Советниците развија дискусија при што беше направена споредба меѓу претходно доставената Финансиска програма врз основа на која на ЗФК „Новаци 2005“ им беа доделени финансиски средства од буџетот на Општина Новаци и поднесениот Извештај за потрошените средства со прилог (изводи од банка за направени трансакции). При тоа беше констатирано, доделените средства се соодветно потрошени така што Претседателката Најдовска-Стојковска точката бр. 4 ја стави на гласање.

Советот на Општина Новаци гласаше и со **4 гласа за и 2 гласа воздржани** донесе Заклучок за усвојување на Извештај од ЗФК „Новаци 2005“ од Новаци, за потрошени финансиски средства за пролетната натпреварувачка сезона 2023 год.

5 точка: Разгледување и донесување на Одлука за одобрување на финансиски средства за престојување на преставници од Општина Новаци во Општина Дуги Рат, Република Хрватска;

По однос на петтата точка Градоначалникот Стевановски, на советниците им објасни дека се работи за возвратна посета на Општина Дуги Рат, Република Хрватска со која Општина Новаци има долгогодишна соработка.

Советот на Општина Новаци со **6 гласа за** донесе Одлука за одобрување на финансиски средсва за престојување на преставници од Општина Новаци во Општина Дуги Рат, Република Хрватска.

6 точка: Разгледување на Барање од Општинска организација на Црвен Крст - Битола за финансиски средства за медицинско обезбедување на Меморијалниот турнир во мал фудбал „Пеце Матичевски“-Новаци;

По однос на оваа точка, Советот беше информиран дека Општинска организација на Црвен Крст – Битола беше ангажирана како медицинско обезбедување на Меморијалниот турнир во мал фудбал „Пеце Матичевски“- Новаци, но нивниот ангажман беше од страна на Организаторскиот одбор на турнирот, а не од страна на Општина Новаци. Соодветно на тоа Општина Новаци нема обврска да додели финансисски средства за таа намена.

Советот на Општина Новаци со **6 гласа за** го отфрли Барањето на Општинска организација на Црвен Крст - Битола за финансиски средства за медицинско обезбедување на Меморијалниот турнир во мал фудбал „Пеце Матичевски“- Новаци.

7 точка: Разгледување на Барање од Месна заедница на село Добромири за матерјална помош на семејството на Теодора Јолевска, дете со посебни потреби;

Советот го разгледа Барање од Месна заедница на село Добромири во кое се бара матерјална помош во градежни матерјали наменети за изградба на просторија со пристапна рампа, во која Теодора Јолевска, дете со посебни потреби, ќе може самостојно да се движи со помош на инвалидска количка.

Советот на Општина Новаци одлучи на на МЗ Добромири да им додели еднократна помош во градежен материјал во висина од 150 000, 00 ден.

Советот на Општина Новаци со **6 гласа за** донесе Одлука за доделување на еднократна помош во градежен материјал на МЗ Добромири.

8 точка: Разгледување на Барање од ФК „Далбеговци“ за финансиски средства за учество во есенскиот дел од натпреарувачката сезона 2023/2024;

По однос на оваа точка советниците добија информација дека во Општина Новаци има регистрирано нов фудбалски клуб ЗФК „Далбеговци 2023“ Далбеговци, кој ќе се

натпреварува во Општинската фудбалска лига во есенскиот дел од натпреварувачката сезона и поради тоа има потреба од финансиски средства во висина од 75.000,00 ден.

Советот на Општина Новаци гласаше со **6 гласа за** донесе Одлука за доделување на финансиски средства на ЗФК „Далбеговци 2023“ с. Далбеговци, Новаци.

9 точка: Разгледување и давање на согласност на Одлуката за утврдување на вредноста на бодот за пресметрување на платите на вработените во МЈП „Пелалинк“ - Битола;

По однос на оваа точка советниците беа информирани дека вредноста на бодот за пресметрување на платите на давателите на услуги и помошно-техничкиот персонал во МЈП „Пелалинк“за 2023г. изнесува 50,5 денари.

Советот на Општина Новаци со **6 гласа за** донесе Одлука за давање на Согласност на Одлуката за утврдување на вредноста на бодот за пресметување на платите на вработените во Меѓуопштинското јавно претпријатие ’’Пелалинк“ Битола.

10 точка: Разгледување и усвојување на Годишен план за вработување на ЈКПД „Комунална хигиена“ - Новаци за 2024 год.;

Советот го разгледа Годишниот план за вработување на ЈКПД „Комунална хигиена“ - Новаци за 2024 год. во кој има планирано едно ново вработување на позиција општ работник.

Советот на Општина Новаци со **6 гласа за** донесе Одлука за давање на Согласност на Годишниот план за вработување на ЈПКД „Комунална хигиена“ с. Новаци за 2024 год.

11 точка: Разгледување и донесување на Одлука за набавка на ротациона тракторска тањираста косачка и телескопски тракторски мулчер за потребите на ЈКПД „Комунална Хигиена“ Новаци;

По однос на оваа точка советниците дискутираа за потребата од набавка на потребна механизација со која ЈКПД „Комунална Хигиена“ Новаци, ќе ја зголеми ефикасноста, а со тоа ќе ги задоволи потребите за навремено оддржување на јавната чистота во делот на косење и режење, со цел задоволување на потребите на населението од нашата општина, но и со цел реализирање на активностите предвидени во Програмата за одржување на јавна чистота (јавни површини, паркови, зеленило и рекреативни површини) на територијата на Општина Новаци за 2023г.

Советот на Општина Новаци со **6 гласа за** донесе Одлука за набавка на ротациона тракторска тањиреста косачка и телескопски тракторски мулчер за потребите на ЈПКД ,,Комунална хигиена“ – Новаци.

12 точка: Разгледување на Барање за финансиска помош од Пецо Гроздановски од с. Далбеговци;

Советот на Општина Новаци **едногласно** донесе Одлука за доделување на еднократна парична помош на Пецо Гроздановски од с. Далбеговци, како лице со здравствени проблеми во висина од 20.000,00 ден.

13 точка: Разгледување на Барање за финансиска помош од Спасе Талевски од с. Брод;

Советот на Општина Новаци **едногласно** донесе Одлука за доделување на еднократна парична помош на Спасе Талевски од с. Брод, наменети за неговата сопруга Драгана Талевска, лице со здравствени проблеми во висина од 20.000,00 ден.

14 точка: Разгледување на Барање за финансиска помош од Пранвера Ѓони од с. Добромири;

Советот на Општина Новаци **едногласно** донесе Одлука за доделување на еднократна парична помош на Пранвера Ѓони од с. Добромири, како семејство во социјален ризик во висина од 20.000,00 ден.

15 точка: Советнички прашања

Бидејќи немаше дополнителни советнички прашања, 32-та седница на Советот на Општина Новаци заврши со работа.

Записничар: Н. Лозановска

Совет на Општина Новаци
Претседател
Славица Најдовска-Стојковска